# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници, ја отворам Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јани Макрадули, Рафет Муминовиќ, Славица Станковска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Теута Арифи и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Молам да притиснеме едно од копчињата.

Притиснати се 68 копчиња, што значи дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Деведесет и седмата, Сто и деветтата и Сто и десеттата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Бидејќи нема, констатирам дека записниците од Деведесет и седмата, Сто и деветтата и Сто и десеттата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предложени за разгледување на оваа седница, предлагам Предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 77 гласови, 76 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Утврдување на предлогот на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 на Уставот на Република Македонија;

2. Донесување на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 на Уставот на Република Македонија;

3. Прогласување на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 на Уставот на Република Македонија;

4. Предлог за донесување на уставен закон за спроведување на амандманите од 20 до 31 на Уставот на Република Македонија, со Предлог на уставен закон.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеници. 89 гласале за, нема воздржни, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Утврдување на Предлогот на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 на Уставот на Република Македонија.**

Текстот на Предлогот на амандманите од 20 до 31 на Уставот на Република Македонија и Извештајот за резултатите од јавната дискусија Ви се доставени.

Исто така Ви се доставени и извештаите на Комисијата за уставни прашања, Законодавно-правната комисија и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Согласно член 207 став 3 од Деловникот на Собранието, Собранието со мнозинство гласови од вкупниоте број пратеници го утврдува Предлогот на секој амандман одделно и предлогот на амандманите во целина.

Пред да преминеме на утврдување на амандманите му давам збор на претставникот на Владата.

Збор има министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитуван претседател на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници, министри, дами и господа.

Собранието на Република Македонија, постигна консензус за поддршка на Предлогот за измени и дополнувања на Уставот на Република Македонија, со донесување на Одлуката да се пристапи кон измена на Уставот на Република Македонија. Министерството за правда покрена постапка, покрена иницијатива која со владината процедура во овој момент резултира со поднесуање Предлог-амандмани на Уставот на Република Македонија во законодавниот дом,

Во оваа пригода, со особено задоволство сакам да истакнам дека имавме навистина богата јавна дебата со учество на релевантни институции и истакнати поединци од домашната и меѓународната стручна јавност. Понудениот предлог говори дека како држава пред секој предизвик знаеме да го препознаеме, да го формулираме, да се залагаме и да го реализираме тоа што претставува државен

интерес. Политичкиот консензус се прави со цел да се реализира политичката определба од државен интерес со примена на демократски средства.

Уверена сум дека ќе успееме затоа што сите политички субјекти, учесници во процесот ја искажаа својата согласност дека нам ни се потребни реформи во правосудството за да постигнеме зголемување на неговата независност. Стекнатото лично искуство во соработката со пратениците, претставниците на политичките партии, судиите и меѓународните претставници ми дава за право да бидам оптимист во тој поглед. Нашата научна и стручна јавност беше на висината на предизвикот, демонстрирајќи знаење и желба за придонесот во дефинирањето на предложените решенија. Заслугата за успешната реализација на овој проект им припаѓа на сите учесници во политичкиот процес, а одговорноста ја носат актуелните субјекти.

Заслужува посебно одбележување придонесот на Венецијанската комисија, како стручно тело на Советот на Европа, чие мислење беше фундирано врз темелен аналитички приод. Предлозите беа максимално имплементирани во понудените Предлог-амандмани на Уставот, при што, беа почитувани нашите специфики.

Владата на Република Македонија, како овластен предлагач до Собранието поднесе Предлог - амандмани на Уставот на Република Македонија. Министерството за правда при изготвувањето на амандманите се водеше од определени принципи врз кои се темели и врз кои ја спроведуваме реформата во правосудството. Станува збор за основни принципи на демократијата како што се: владеењето на правото, поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, гарантирање на независноста на судството, заштитата на правата на граѓаните, гарантирање на еднаков пристап до правдата, како и почитување на европските стандарди во сферата на правдата, утврдени во меѓународните документи.

Независното судство е државен интерес од највисок ранг, цел за која сите се залагаме и средство преку кое го зајакнуваме и заштитуваме демократскиот капацитет на македонското општество. Поради исклучително големото значење на овој политички процес потребна е подршката од сите политички субјекти застапени во Собранието на Република Македонија. Со реализацијата на оваа цел, Република Македонија како држава се приближува до искуствата што одамна се практика во развиените демократски држави.

Почитувани пратеници,

Во предложените Предлог-амандмани Владата на Република Македонија предложи 12 амандмани, наспроти предложените 15 Нацрт-амандмани, со тоа што 5 амандмани од претходниот текст не се предлагаат, а се предлагаат 2 нови амандмани.

Со новите амандмани, се создава уставна основа за законско регулирање на употребата на правни средства против поединечните одлуки на органите на државна управата и се прави динстикција меѓу жалбите против судските пресуди и правните средства против одлуките на несудските органи. Ова е од особено значење за ефикасноста на судскиот систем во Република Македонија.

Во насока на флексибилна организација на судството, новина во Предлог - амандманите на Уставот на Република Македонија е одредбата со која се напушта постојната единствената организација на судството, со што се овозможува целосно ова прашање да се регулира со закони, со цел да ги дефинираме оние ставови што ќе бидат во интерес на судството и во интерес на нашата држава, а секако Уставот да не биде ограничувачки фактор.

Јавната дебата придонесе да се надградат решенијата соджани во Нацрт-амандманите, така што во овој предлог покрај наведените новини, предлагаме соодветни решенија втемелени врз европското искуство прилагодени на нашите општествени услови.

Сметаме дека за успешна реформа на правосудниот систем е неопходно редефинирање на положбата, надлежностите и составот на Судскиот совет како тело дефинирано во Уставот на Република Македонија. Со Предлог - амандманите се предлага Судскиот совет, впрочем се дефинира како орган што ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Со можноста ова тело да ги избира судиите, Република Македонија го заокружува концептот на поделба на власта, со што се зајакнува позицијата на судската власт во однос на извршната и законодавната. Составот на Судскиот совет што го сочинуваат мнозинство судии е во согласност со праксата на државите - членки на Европската унија, при што се почитува нашето уставно начело за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.

Во поглед на престанокот на вршењето на судиската фунција се предлагаат решенија со кои се прави динстикција меѓу разрешување и престанок на фунцијата.

Јавниот обвинител на Република Македонија, со понуденото решение добива поголема самостојност, со што во Собранието на Република Македонија ќе биде избиран на предлог на Владата на Република Македонија, по претходно мислење на Советот на јавни обвинители.

Во насока на зајакнување на самостојноста на јавното обвинителство се предлага решение со кое изборот на јавните обвинители го врши Советот на јавни обвинители. Со предложеното решение, нивниот мандатот е неограничен, со што е изнајдена правна форма за зајакнување на позицијата на Јавното обвинителство.

Со предложените амандмани се регулира и прашањето за имунитетот на судиит, со што се дефинира на две нивоа: фунционален и процесен на начин, како што е тоа предвидено и за пратениците во Собранието на Република Македонија.

Најголемите проблеми што во изминатиот период ги оптоварува судовите и ја намалува ниванта ажурност и ефикасност е преоптовареноста со исклучително голем број предмети од областа на прекршоците во насока на ослободување на судството од определен вид предмети од административен карактер, правен имунитет. Фунционалниот имунитет се однесува на вршењето на судиската функција и подразбира дека судијата не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и при донесување судска одлука. Процесно-правниот имунитет оневозможува судијата да биде притворен без одобрение на Судскиот совет, освен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години. Имунитетот на судијата е гаранција дека граѓанинот ќе ги оствари своите права преку независен и непристрасен суд.

Еден од најгорливите проблеми што во изминатиов период ги оптоварува судовите и ја намалува нивната ажурност и ефикасност, е преоптовареноста со исклучително голем број предмети од областа на прекршоци. Во насока на ослободување на судството од определен вид предмети од административен карактер, предлагаме амандман со кој на органите на државната управа им се дава можност за изрекување санкции за определени видови полесни прекршоци. Со ваквото решение, длабоко сум уверена дека судовите ќе донесуваат поквалитетни одлуки за пократко време и притоа ќе трошат помалку финасиски, материјални и човечки ресурси.

Почитувани пратеници, независносто судство е една од најприоритетните потреби и стремежи на денешните современи прогресивни, демократски идеи, преку неговата надградба за независно судство, Република Македонија го остварува демократскиот развој на општеството, неговата стабилност и ги прифаќа реалните перспективи во иднина.

Обврска на оваа генерација е да го заокружи започнатиот процес на поделба на власта, која ја иницирaвме на почетокот на 90-ти години.

Поставувањето на темелите на независното судство, неговото јакнење и развој се сложен, комплементарен, политичко-правен и во најширока смисла на зборот општествен процес.

Особено значајно место и улога имаат во нашата досегашна правна традиција и изградената правно-политичка култура.

Императив на нашето време, освен донесувањето на правни норми, соодветни на искуството на демократските држави е едукацијата за законите и за нивното почитување и од страна на институциите и од страна на граѓаните.

Понудените предлог амандмани сметаме дека ја исполнуваат политичката определба на оваа Влада и потребата на овој состав на законодавниот дом, да донесе соодветни измени во Уставот, со што Република Македонија се приближува чекор повеќе на паатот кон европското интегрирање.

Позитивното мислење на Европската комисија, ги отвори перспективите на Република Македонија дека сакаме и можеме и дека ова што досега сме го направиле се оценува исклучително афирмативно. Со тоа нашите европски пријатели ни испраќаат многу јасна порака дека од нас зависат политичките процеси на патот по кој треба решително да чекориме решително.

Владата на Република Македонија ја презеде политичката одговорност и обврските на продолжување со започнатите реформи со кои се постигнува поуспешно функционирање на правосудните органи во духот на европското законодавство. Хармонизацијата на нашите закони во изминатиов период наидува на особена поддршка кај претставниците на државите членки на Европската унија. Нивната подршка која секојдневно ја добиваме ја зголемува нашата верба во сопствената политичка определба да бидеме членки на големото семејство европски демократски држави.

Почитувани пратеници,

Искрено верувам и во вашата поддршка затоа што со понудените амандмани најмногу добиваат Република Македонија и граѓаните на Република Македонија. Овие уставни амандмани нема да ги решат сите прашања што предизвикуваат проблеми во правосудството. Волјата на извршната и законодавната власт преточена во овие амандмани и во одредбите на законите чие донесување ќе следи, ќе даде резултат кога законите правилно ќе се имплементираат во пракса, а за правилната имплементација покрај определбата на судкската власт, потребна е целосна поддршка од граѓаните на Република Македонија преку исполнување на своите законски обврски.

На крајот, сакам да завршам, сметајќи на вашата поддршка дека начинот на кој досега работевме, со заеднички напор да дојдеме до решенија, прифатливи за сите, а во интерес на нашите граѓани, ќе продолжи и во иднина преку договарање на решенијата на законите, чие изготвување ќе следи, како што се Законот за судови и за Судскиот совет, за Јавното обвинителство и сите други закони кои се дел до овој реформски процес.

Ви благодарам.

Позитивното мислење на Европската комисија, ги отвори перспективите на Република Македонија дека сакаме и можеме и дека ова што досега сме го направиле се оценува исклучително афирмативно. Со тоа нашите европски пријатели ни испраќаат многу јасна порака дека од нас

зависат политичките процеси на патот по кој треба решително да чекориме решително.

Владата на Република Македонија ја презеде политичката одговорност и обврските на продолжување со започнатите реформи со кои се постигнува поуспешно функционирање на правосудните органи во духот на европското законодавство. Хармонизацијата на нашите закони во изминатиов период наидува на особена поддршка кај претставниците на државите членки на Европската унија. Нивната подршка која секојдневно ја добиваме ја зголемува нашата верба во сопствената политичка определба да бидеме членки на големото семејство европски демократски држави.

Почитувани пратеници,

Искрено верувам и во вашата поддршка затоа што со понудените амандмани најмногу добиваат Република Македонија и граѓаните на Република Македонија. Овие уставни амандмани нема да ги решат сите прашања што предизвикуваат проблеми во правосудството. Волјата на извршната и законодавната власт преточена во овие амандмани и во одредбите на законите чие донесување ќе следи, ќе даде резултат кога законите правилно ќе се имплементираат во пракса, а за правилната имплементација покрај определбата на судската власт, потребна е целосна поддршка од граѓаните на Република Македонија преку исполнување на своите законски обврски.

На крајот, сакам да завршам, сметајќи на вашата поддршка дека начинот на кој досега работевме, со заеднички напор да дојдеме до решенија, прифатливи за сите, а во интерес на нашите граѓани, ќе продолжи и во иднина преку договарање на решенијата на законите, чие изготвување ќе следи, како што се Законот за судови и за Судскиот совет, за Јавното обвинителство и сите други закони кои се дел до овој реформски процес.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Бонева, повелете, се пријавивте.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Од името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, заради консултации, бараме еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 12,35 часот.

Благодарам.

**(По паузата седницата продолжи со работа во 12,35 часот).**

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, претставниците на Владата исто така.

Почитувани пратеници преминуваме на утврдување на предлог на амандманите.

Поминуваме на утврдување на предлог на амандманот 20 од Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Јас имам процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Имаме општ претрес по амандманот и после по текстот на амандманот. Како што беше на Уставна комисија.

**Жарко Караџоски:** Јас имам процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Повелете тогаш процедурално.

Јас би сакал да ги информирам пратениците која е законска и деловничка процедура.

Секој амандман има општ претрес. Значи, ако сакаат пратениците да го кажат својот став во врска со тој амандман.

Вториот дел е расправа по текстот, каде што ќе ги расправаме амандманите на пратениците. Според тоа, тоа е како еден закон. Всушност, имаме 12 закони како точка на дневен ред.

Затоа сега отварам општ претрес.

Повелете господине Караџоски имате процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, јас се извинувам не ве слушнав добро, слушнав само дека отворивте општ претрес и не слушнав дека сте отвориле општ претрес по амандманот 20. Заради тоа, сега интервенирам процедурално, а ќе се повикам на член 207 од Деловникот, став 1.

Вие почитуван претседателе го читавте став 3, но треба да се чита и став 1.

Значи, прво ќе го прочитам, после ќе објаснам што сакам.

Член 207 став 1 вели: "По текстот на Предлогот на амандманите на Уставот, се води општ претрес и претрес по текстот".

Значи, кога станува збор дека се води општ претрес по текстот на амандманите, тоа значи дека треба да имеме општ претрес по оној текст што ни е доставен како вкупен материјал. Значи сите амандмани и неслучајно, е издвоено тоа во Деловникот, за прво да се дебатира општо, а потоа се преминува по текст на закон, а текст, односно на уставните амандмани, а тоа значи амандман по амандман, каде што се води расправа онака како што се носи закон и по амандмани, на крајот по текстот. Таа пракса веќе е позната.

Од тие причини нема логика да отварате општ претрес по амандман, па потоа расправа по текст на амандман, па пота расправа по амандман. Не е целта на членот 207 став 1 таа, туку смислата е да имаме општа расправа по вкупните амандмани. Затоа јас излегов на говорница да зборувам за таа работа, но кога веќе вие отворивте, морав да интервенирам процедурално и од вас барам да отворите општ претрес по

текстот на амандманите, како што стои во Деловникот, а тоа значи сите 12 амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски може и така да се сфати вашата интервенција, бидејќи општ претрес по текстот на амандманите може да се свати онака како што службите го подготвиле сценариото. Значи, вие имате општ претрес по секој амандман и плус по текстот на амандманот.

Еве јас ќе дозволам, бидејќи тоа се случи на Уставната комисија, во врска со првиот амандман во некое разумно време да се каже ставот генерално, во врска со сите амандмани, онака како што вие го интерпретирате Деловникот. Оваа интерпретација не е моја. Оваа интерпретација е од службите кои досега поминале неколку измени на амандманот.

Затоа, во принцип имам добра волја во првиот амандман да се кажат општите забелешки и на сите текстови. Ова е сценариот кое што е подготвено од службите кои што секако, повеќе измени на Уставот ги имаат поминато и ги пдоготвувале.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Значи немам намера да се разубедуваме и воопшто не сакам да полемизирам со службите, затоа што службите си се служби, а ние овдека го правиме дневниот ред и постапката. Вие како претседател, ние како пратеници. Тоа што направиле службите, воопшто не е битно за мене, битно е што пишува во Деловникот.

Јас морам да ве известам претседателе дека ние како пратеничка група и тоа неслучајно го покренав тоа прашање на Уставната комисија, но ајде, таму поминавме преку тоа, заради тоа што сепак, станува збор за Комисија, а овдека е седница, само сакам добро да бидам сфатен. Имавме прва фаза, имавме втора фаза на која што расправавме и по општа расправа и по расправа по текстот на Нацртот на верзијата. Денеска доаѓа третата, односно последната фаза од уставните амандмани. Значи, само да напоменам, која е знатно изменета од претходната. И неслучано Деловникот предвидел општа расправа, за да расправаме токму, по она што е отфрлено и што е додадено во целина. Дали е правецот зацртан, онака како што сме се договориле, или онака како што сме дале согласност во првата фаза, или е знатно изменет. Па пота, ќе одиме амандман по амандман.

Почитуван претседателе, бидејќи пратеничката група на ВМРО-Народна партија, беше подготвена да расправа по општ претрес, од името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија, барам еден час пауза, за тоа време да се усогласиме.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине Караџоски, јас дадов можност. Повелете, по првиот амандман кажете го општиот претрес.

**Жарко Караџоски:** Вие ми дадовте процедурално и јас процедурално барам еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Да се договориме сега.

**Жарко Караџоски:** Мора ова да го расчистиме.

**Љупчо Јордановски:** По првиот амандман дозволувам и нема да ограничувам дискусија и да се каже по сите амандмани. Пота на крајот кажете го ставот по првиот амандман. За да не правиме сега пауза. Значи, има таква добра волја од мене, само што сега поинаку е формулирано.

**Жарко Караџоски:** Не сме овде за добра волја. Овде сме за Деловникот. Барам еден час пауза. Не можете тоа да ми го ускратите. Во име на пратеничката група го барам. Инаку ќе ја напуштиме седницата. Ако сакате добра волја паузата не можете да не ни ја одобрите. И вака и така ќе излеземе од салата.

**Љупчо Јордановски:** Може ли половина час, бидејќи ова е техничко прашање.

**Жарко Караџоски:** Еден час.

**Љупчо Јордановски:** Еден час пауза.

(Пауза од 12,45 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,46 часот.)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Повелете господине Караџоски да слушнеме која е вашата одлука.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, навистина членот 207 онака како што го прочитав можеме да го толкуваме и вака и така, значи спрема она што јас го кажав и спрема она што вие го кажавте и за да излеземе од лавиринтот, еве, ние во консултација со другите опозициони партии се договоривме да продолжиме по она сценарио што го имате, да почне општиот претрес амандман по амандман, па потоа текстот, онака како што вам ви е предвидено по сценариото што го имате. Тоа е мојата процедурална забелешка, а сега ......

**Љупчо Јордановски:** Не, благодарам, што имавте разбирање за она што е инаку веќе пракса, но тоа не значи дека праксата не може да се менува ако е нејасен Деловникот.

Бидејќи во 14,00 часот имаме редовна пауза, а пратениците од ДУИ побараа 30 минути пауза, јас овде ќе ја завршам претпладневната работа.

Продолжуваме во 15,30 часот. Благодарам.

(Седницата прекина во 13,49 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, како што се договоривме одиме по сценариото.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Расправата ја почнуваме со општ претрес по амандманот 20.

Да бидам искрен очекував дека претставникот на Владата ќе даде општо излагање кога веќе се договоривме амандман по амандман, она правило што важеше и на Комисијата, но не пречи, ќе продолжиме и вака.

Почитувани колеги, можеби еден од посуштинските амандмани од вкупно 12 кои сега имаме прилика да ги гласаме, да ги разгледуваме, со право е амандманот 20.

Само за потсетување, почитувани колеги, кога ја донесувавме потребата од пристапување кон измена на Уставот како и во текстот на Нацртот на амандманите јасна беше индицијата дека реформите во судството ќе ги правиме во неколку суштински правци меѓу кои еден од главните беше да се направи реформа со која ќе дојде односно ќе добиеме поефикасно судство.

Во прва фаза разгледувавме повеќе опции, повеќе можности и уставни измени со кои би дошле до некоја формулација која, да не речам со Уставот, туку што ќе следат во законите, да дојдеме до решение како да го растеретиме судството од пренатрупаните предмети и од сето она што значи обемна работа.

Ако земеме во предвид, а тоа ни беше објаснето во првата фаза од предлагачот, но и во оној материјал што го имавме добиено, дека огромен број на предмети во судовите стојат и тоа најголем дел се прекршочни предмети кои стојат со години и кои на крајот во огромен процент завршуваат како нерешени или како застарени, но предмети кои ја обременуваат работата на судиите затоа што, согласно уставните одредби и согласно она што до сега постоеше во Уставот како норма нашата судска власт беше единствена во смисла на тоа што судовите беа единствено надлежни да постапуваат по сите предмети, вклучително и на прекршочните предмети.

Тоа беше една новина можеби со осамостојувањето на Република Македонија и со носењето на Уставот во 1991 година кога престана да постои оној багаж од тогашната држава во која бевме сите заедно покрај овие основни судови, апелациони и врховни, единствената надлежност на судската власт постоеа и разни специјализирани меѓу кои постоеа и прекршочни судови кои исклучително се занимаваа со прекршочните предмети.

Заради таа нова надлежност добиена со Уставот целата работа и целата надлежност се префрли во рамките на судската власт и тука се воспостави дека очигледно се направи грешка. И понатаму најголем дел од предметите, приливот на предмети, покрај кривичните и граѓанските кои секојдневно имаа пораст, масата на прекршочни предмети интензивно расте и таа ја оптоварува работата на судовите. Кај нас во таквата консталација на судската власт немаме издвоено судии кои постапуваат исклучиво по прекршочни предмети, кои постапуваат исклучиво по кривични и граѓански, туку секој судија работи секаков предмет така што секој предмет се рачуна бројка.

Од тие причини дојде до оптоварување на судството иако во годишниот извештај кој имавме прилика да го слушнеме и следиме не само како пратеници, туку кога некој не посматра од надвор особено оние комисии кои доаѓаа од страна на Меѓународната заедница, ќе дојдат до констатација дека во Република Македонија има огромен прилив на судски предмети и огромен број стојат нерешени, нереализирани, ненасрочени или воопшто неизвршени. Тоа е еден проблем.

Вториот проблем е што и оние кои се одлучуваа траеа подолго, па ни се случуваше да бидеме критикувани дека некој предмет сме доживеале да трае седум, осум, па и десет години да нема завршница.

Сето тоа доведе да добиеме квалификација од страна на одредени фактори кои во секој случај треба да ги респектираме, а причина поради која Република Македонија го трасира патот за влез во Европската унија и нормално хармонизација на нашето законодавство со Европската унија, овој багаж не можеше да се ослободи, остануваше да тежи и понатаму.

Значи, се на се првата должност, првата задача кога зборуваме за реформи во судството е како да дојдеме до ефикасно судство, односно како да дојдеме до побрзо решавање, како да дојдеме до помал број на предмети кои треба да ги решава судската власт и дали треба да бидеме насрочени како и до сега за сите постапки и прекршочни, полесни и потешки треба да постапува исклучиво, согласно членот 13 став 1 од Уставот на Република Македонија согласно таа презунција дека никој друг не може да изрече пресуда освен судот, дали на овој начин треба тука да пресечеме и дали треба да овластиме некој друг орган или некоја друга институција да има можност и право да ја преземе таа надлежност од страна на судиите, односно судовите.

Во онаа расправа кога беше првата фаза, па и во текстот на Нацртот постоеа повеќе дилеми и од страна на пратениците, таа дилема се провеа и во текот на јавната расправа во тоа што постоеше огромен број на оние кои ја поддржуваа реформата во правец, покрај судовите, покрај судската власт, одредени санкции од прекршочна природа кои санкции ќе бидат регулирани во закон за одредени постапки, за одредени дела да можат да постапуваат и други органи, државни институции и т.н. и тука беше искажано од прилика кои се тие органи како Царинската управа, Полицијата за дела кои, во секој случај, можеме да ги оквалификуваме како полесни дела.

Тука имаше дилема дали со тоа можеме да дојдеме до решение на овој крупен проблем.

Јас, почитувани колеги, се држам до општата расправа по овој амандман, не навлегува во содржината на текстот затоа што тоа најверојатно

ќе го правиме кога ќе дискутираме за самиот текст на овој амандман.

Претседателе, многу галамат.

**Љупчо Јордановски:** Јас ги молам пратениците потивко. Продолжете.

**Жарко Караџоски:** Таа дилема дали, покрај судската власт, да постапува некоја друга државна институција постоеше во претходните фази. Јас морам да признам дека и овде кај пратениците, но и во јавната расправа постоеше дилема. Од каде произлегуваат дилемите? Дилемите произлегуваа од следните причини:

Прво, дали со одземањето на надлежноста на судовите и таа надлежност по однос на одредени прекршочни дела префрлање на одредени државни институции, како што стои во самиот текст, државна управа, организации и т.н. ќе доведе до квалитетни решенија поточно дали во тие државни институции и организации има стручен кадар кој може да се носи со една ваква проблематика затоа што во секој случај тоа ќе биде една новина. Тоа беше првата дилема, а и таа дилема беше со право воспоставена затоа што сепак судовите се поспецијализирани, таму работат судии кои се и школувани и образувани и на крајот на краиштата имаат искуство и нормално да се верува дека постапувањето од нивна страна и постапувањето од некој референт во некоја државна институција не може да биде еднакво во делот кога станува збор за стручност и за компетентност и квалитет по однос на самото решение. Тоа беше едната дилема.

Втора дилема, дилема во правец на тоа дали треба да се прифати едно вакво решение, се постави еден проблем кој провејуваше во јавноста и се уште провејува, ако надлежноста........ јас претседателе ќе стојам и ќе молчам, ако не им е интересно колегите нека излезат, навистина ми пречат.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, вас јавноста ве слуша, а ова е вообичаена атмосфера, барем вие знаете, тука сте одамна. Јас не сум можел потивко до сега да имам, да воспоставам потивко, а јас уште еднаш ги молам пратениците нека ги остават мобилните, нека излезат надвор, ќе ги повикам кога ќе треба да се гласа, ако имаат меѓусебен разговор нека го направат надвор исто така ќе ги повикам кога треба да се гласа. Продолжете.

**Жарко Караџоски:** Ќе продолжам.

Значи, ја отворив втората дилема, дали со пренесувањето на надлежноста од страна на судовите сега на државните институции дали нема да се доведеме во делот на она што значи реформа во судството со намалувањето на бројот на судиите кои директно ќе учествуваат во самата работа. Да не заборавиме дека сега бројката на судиите е таква, согласно Законот за судови,која продуцираше и предизвикуваше потреба од толкав број на судии за да се справат со толкав број на предмети. Ако сега одеднаш огромна надлежност или огромна бројка на прекршочни предмети премине во сосема друга надлежност се отвора проблем дека одреден број на судии можеби ќе останат вишок и дали, согласно ваквиот амандман, треба да одиме во реформа што секако дека ќе го носиме новиот закон за судови можеби организација на судството, дали со тоа нема да дојде до намалување на бројот на судиите. Тоа е прашање кое е дискутабилно, тоа е прашање кое секој ден кој работи во судската власт сигурно дека ќе ве праша. Оној судија кој цело време работел на прекршочни предмети денеска ќе се запраша што ако мојата ингеренција и исклучителна надлежност која до сега ја имав премине во некој друг орган. И дали тој број на судии до одредена инстанца дали е тоа основен суд, дали е апелационен, но претежно зборувам за првостепените судови, дали тој број неминовно ќе треба да се намали.

Од друга страна ако земеме во предвид, тоа е дилема, треба да се размисли кога се носи едно вакво решение и ако го поддржиме да бидеме свесни дека со тоа пристапуваме кон таква работа во иднина.

Трета дилема која неминовно се отвора, ако ја поддржиме таа ќе биде во контекст на втората дилема, ако земеме во предвид дека огромен број на судии или од вкупната бројка на судии во Република Македонија имаме често прилика да слушаме од разни еминенти, експерти, стручњаци од меѓународни претставници кои доаѓаат и многу пати не оквалификуваат дека имаме судии или имаме таква власт која е дури нестручна за одредени предмети, за одредени поединци дека не можат да се носат со новите токови кои ги правиме и дека во новите реформи кои треба да следат дека одредена структура на судии не ќе може да се вклопи. Дури да ве потсетам за одредени судии беа правени одредени црни листи како непожелни, како судии кои треба да бидат разрешени. Сето тоа отвора проблем, ако го додадеме ова кон втората дилема, тоа ќе значи една фрустрација ако веќе се намали делот на работата на самите судии. Фрустрација во смисла на тоа некој да остане без работа или нов реизбор и т.н., но кога веќе станува збор за избор или реизбор, тоа ќе го дискутираме во некој нареден амандман.

Можеби една од најсуштинските дилеми која се отвори и овде во Парламентот, но и во јавната расправа е прашањето за дистинкцијата помеѓу утврдувањето вина и изрекување на казна. Значи, најголемо прашање се отвори тука, кој може да утврди вина, ако го читаме Уставот јасен е, вина можат да одредат исклучиво судските органи. Сега, кој може да одреди казна, казна може да одреди, покрај судот, и други органи.

Прашањето се отвори директно дали во еден ваков амандман кој сега следи амандманот 20 ние директно, со тоа што даваме право, но ако ги поврземе првиот текст во Нацрт верзијата даваме право на другите органи, покрај судовите, да утврдуваат вина. Тоа беше дискутабилно, тоа беше коментирано и за да се избегне таквото

право некој покрај судот иако тоа изрично е надлежност на судот ја најдовме формулацијата да се изрекува казна односно санкција од страна на другите органи.

Ова би било од прилика она што на почетокот кога овој амандман се носеше и кога се дискутираше првата и втората фаза отвораше дилема дали со една ваква реформа односно со ваков текст правиме реформа во судската власт. Дали овој член во Уставот ќе предизвика, нормално со промена во другите закони, ќе ја постигне целта. Е, сега, тоа е едната дилема која мора да ја расчистиме, а ќе ја расчистиме во моментот кога ќе го притиснеме копчето значи ако гласаме за сме убедени дека ваквиот текст, дека ваквата ингеренција, давањето на можност на некој друг орган, покрај судот, да одлучува за одредени прекршочни предмети ќе дојде до ефикасно растоварување. Тоа е таа дилема која сакам овде да ја отворам да размислите и кога треба да се гласа да знаете што гласате. Тоа е едната работа.

Втората работа е, мора да расчистиме сите дали ние всушност сакаме ваков вид на реформа? Ако сме се декларирале дека сакаме реформа во судството, покрај онаа најбитна работа да ја направиме таа власт да биде ефективна, тогаш неминовно мора да се замислиме што би било друго решение освен ова што се нуди? Која би била другата можност освен оваа што се нуди?

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

**Жарко Караџоски:** Понатаму почитувани колеги јас морам да потенцирам дека ние како пратеничка група и јас лично во сите фази и во првата и во втората фаза и сега во третата фаза на ваквиот тип реформа или на ваквиот тип промена кога станува збор за ефикасноста на судската власт сме дале поддршка, тоа ќе го направиме и денеска кога станува збор за амандманот 20 со тоа што сметаме дека тоа е начин кој можеби е единствен во овој момент да се дојде до растоварување на судството од претрупаните предмети и за побрзо и поефикасно решавање на сите оние постапки кои стојат по судските фиоки. Од една страна тоа е така како што пишува во овој амандман 20, но него не можеме да го гледаме изолирано за да ја потврдам тезата дека ќе се дојде до ефикасно судство, овој амандман мора да се гледа заеднички со амандманот 21 каде се поврзува жалбената постапка или правото на жалба со можност таа постапка на жалба или друго право кое следи утврдува со закон да се тргне од уставна категорија која дава можност односно директно дава можност одредени постапки особено второстепените во одредени управни органи кои, не само што траат долго, туку во 100% случаеви ќе се потврдува првостепената одлука, а времето се губи непотребно.

Мислам дека овој амандман 20 заедно со 21 кога ќе се види во целина се гледа правецот, се гледа интензијата и на некој начин нуди позиција дека сме го одбрале вистинскиот термин, вистинскиот израз за да на некој начин се почнат тие реформи.

Ние имаме одредена дилема во однос на самиот текст, која сме ја кажале на седниците на комисиите. Дилемата е дали овој член, односно овој амандман 20 треба да се уврсти во членот 13, во делот каде се зборува за презункција на невиност или можеби на друго место. Да бидам искрен, онаа интенција која е цел на оваа реформа или на оваа промена, во сето она што го содржи Уставот не сум видел каде би можело на друго место да се интервенира за да се дојде до оваа цел, но тоа е таа дилема во смисла на тоа дали овој текст вака како што е напишан би требало да ја исполни онаа квалификација или онаа цел за која и постои.

Да завршам, ако сме се декларирале дека сакаме реформа во правосудството, нормално една од поглавните причини поради кои ни доаѓа и одговорот на Прашалникот за членство во Европската унија, меѓу кои главен приорит е токму реформата на Уставот или уставните амандмани, значи ако сакаме да направиме реформа, да дојдеме до поголема ефикасност на судовите, овој амандман треба да го подржиме и ние тоа ќе го направиме, со тоа што се надевам дека сите овие органи кои во иднина ќе ја добијат таа надлежност да можат да постапуваат по одредени предмети, таа работа ќе си ја завршат најсовесно и дека навистина судовите ќе бидат растоварени од нов прилив на огромен број предмети.

Само да потсетам дека во Република Македонија во овој момент можеби постојат преку 200.000 нерешени или несрочени предмети, прекршочни предмети, а можеби се и повеќе, можеби се и 400.000 како што ме корегираат колегите и самиот податок покажува дека ваквиот амандман е оправдан. Тука дури Владата размислува во правец на тоа таквите предмети да ги амнестираме, за да направиме растоварување, за да од утре судовите и судиите почнат да работат што поодговорно и поефикасно.

Од тие причини, почитувани колеги, кажав дека ние како пратеничка група и јас лично овој амандман ќе го подржиме, а кога ќе дојде до расправа по текстот ќе укажеме на она што ние го сметавме како дилема, можеби не кој знае колку битна, затоа што ако ја сметавме за некоја битна дилема или битна разлика во самиот текст ќе поднесевме амандман. Ние не поднесовме амандман, сметајќи дека ваквиот амандман 20 ќе има и поширока подршка.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Јашари, имате збор, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги,
Ќе настојувам и јас да кажам неколку зборови во однос на амандманот 20, со кој се заменува членот 13 од Уставот на Република Македонија. Неоспорен факт е дека членот 13 од Уставот на Република Македонија во начело не прави некоја

разлика меѓу кривични дела според тежината или нивното значење. Токму имајќи ја предвид тенденцијата и настојувањето да се зголеми ефикасноста на органите, посебно на судските органи и правните органи, невозможно е да се донесат закони кои би дале право за одредени кривични дела како што се прекршоците, определени санкции да се изрекуваат и од органи кои што не се судски, како што се управните органи. Од друга страна, како што кажав и претходно, земајќи ја предвид тенденцијата на оваа Влада за зголемување на ефикасноста на судскиот и правниот систем, пред се на судските органи, се предлага овој амандман кој што во суштина прави разлика меѓу кривичните дела, како што се прекршоците и кривичните дела. Во оваа насока се овозможува за определени дела како што се прекршоците санкциите да можат да бидат изречени и од страна на државните, управните органи, како и други организации кои вршат јавни овластувања. Во овој контекст, како такви органи сите знаеме дека освен царинските и даночните органи, во постапка е законот за полиција и секако, преку овој закон на овој орган ќе му се дадат такви надлежности. Сепак, земајќи ја предвид презункцијата на невиност, предлагачот преку овој амандман во вториот став создава можност или определен правен простор, гарантирајќи на овој начин судска заштита за правосилни одлуки за прекршоци, донесени и усвоени од страна на управни органи. Јас сум длабоко убеден дека овој уставен амандман, создавајќи таква можност, не само што ќе ја олесни работата на судските органи, туку секако ќе создаде и можност за зголемување на ефикасноста на истите овие органи.

Поради ова, јас ќе гласам за овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам.

Господине претседателе, госпоѓо министер, колеги пратеници,

Прво сакам да изразам огромно задоволство што деловничките несогласувања ги надминавме и расправата по првиот амандман ми дава за право да констатирам дека навистина имаме и стои консензусот што го постигнавме во текот на работењето до сега по овој значаен проект, измени на Уставот на Република Македонија во правец на реформи на судскиот систем, затоа што овој приоритет кој што беше владин приорите практично сега треба да значи приоритет над приоритетите на сите политички субјекти после позитивното мислење на Комисијата на Европската унија.

Јас сметам дека овој прв амандман, како прв предлот амандман пркатично ја покажува насоката на предлагачот дека со овој аманадман навистина ќе постигнеме ажурно и ефикасно судство. Токму тоа е една од причините заради кои пристапивме кон реформи во судството и уставни амандмани, значи неажурноста и неефикаснота на судстовото. А лоцирајќи ги слабостите и причините заради кои судството во Република Македонија е неажурно, уште во првата и во втората фаза од дискусиите констатиравме, секако и предлагачот, дека една од основните причини е оптоварувањето на судовите со прекршочни предмети. Значи практично без исклучок сите судови во Република Македонија се неажурни точно заради натрупувањето на огромна бројка на нерешени прекршочни предмети и овие прекршочни предмети, сите се согласивме, дека час поскоро треба дел од прекршочните предмети да бидат ставени надвор од надлежноста на судовите.

Затоа, дозволете да констатирам дека задоволството е дека ова решение. почнуваајќи од нацртот на овој уставен амандман до сега практично има огромно квалитетно подобрување. Практичо сега со овој амнадман се прави дистинкција не меѓу казнивите дела туку внатре во прекршоците. Оваа дистинкција, се дава уставна основа да се утврди подоцна со закон и со закон да се одреди, според висината на паричната казна кои ќе бидат тие видови на прекршоци за кои санкција ќе изрекува несудски орган, односно орган на управата. Во ова е суштината. Значи предлагачот направил квалитетно решение, незадирајќи во презункцијата на невиност, која што си останува уставно начело, да направи еден таков добар амандман со кој ќе создаде уставен основ со закон да се направи дистинкција меѓу прекршоците и со закон да се одреди кои се тие прекршоци според висината на паричната казна за кои овие органи ќе можат да изрекуваат санкција, значи не навлегувајќи во вината, затоа што вината исклучиво ја утврдува судот со судска пресуда и тука не задираме во презункцијата на невиност.

Сакам да кажам дека еве и од претходните дискутанти овој амандман има широка подршка дека овој амандман е добра основа за постигнување на ефикасно и ажурно судство и би сакала да додадам дека не треба да стои стравувањето дека евентуално изземањето на дел од прекршоците од судска надлежност ќе предизвика намалување на бројот на судиите, затоа што понатаму во друите амандмани ќе видиме дека Република Македонија веќе го напушта уставниот концепт за единствена организација на судската власт. Со законот за судовите ќе решиме, се разбира сите тука заедно со предлагачот, во каква насока ќе ги организираме видовите на надлежностите на судовите, што значи не треба да има опасност од, така да кажам, вишок на судии кои сега решавале по овие прекршочни предмети.

На крајот да кажам дека ги респектирам сите дискусии и од аргументите кои што сега ги искажав во прилог на овој амандман, го изразувам ставот на пратеничката група на СДСМ дека ќе даде подршка на овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам, почитуван претседател.

Бидејќи низ комисиски расправи имавме обемна расправа во однос на амандманот 20, сосема накратко ќе го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ во однос на амандманот 20.

Предлогот што е даден во овој амнадман не можеме да го разбереме поинаку освен како своевидна ревизија на темелните вредности на уставниот поредок, посебно на темелната вредност за поделбата на власта. Судската власт со Уставот на Република Македонија ја вршат судовите. Овластувањето на органите на управата или организациите и органите што вршат јавни овластувања да утврдуваат вина и да изрекуваат санкции е директно спротивно на уставнот начело за поделбата на власта според која и согласно членот 98 од Уставот, судската власт ја вршат судовите. Овластувањето на извршната власт органите на управата да изрекуваат санкции е директно спротивно и на членот 6 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи според која санкција може да изрече само суд што е независен, непристрасен и востановен со закон. Основните начела за независноста на судството на Организацијата на Обединетите нации велат не можат да се создаваат правосудни органи кои не применуваат постапки примерно востановени во согласно со законот, со цел редовните судски органи да се лишат од својата надлежност. А токму со овој амандман се востановуваат органи, тоа се органите на управата и организации со јавни овластувања што треба да ја преземат исклучивата судска надлежност за утврдување на вина и за изрекување на санкции. Очигледно е дека извршната власт, преку органите на државната управа, ја презема фактички судската власт. Ставот 2 од точка еден од амандманот 20, кој што вели дека против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита, но под услови и постапка уредени со закон, овој став сметаме дека е противречен на генералната одредба од ставот 2 на члена 50 на Уставот, бидејќи отстапува од генералната одредба на Уставот, каде што се вели дека се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања и со тоа што со амандманот се предлага судската заштита ја упатува на закон наспроти уставната одредба која што го гарантира тоа право, бидејќи законот може и на друг начин да го уреди тоа прашање, со што ќе се елиминира уставната заштита. Изрекувањето на санкција и воопшто одлучување за било какво обвинение против човекот може да биде доверено на независен и непристрасен суд востановен со закон. Органите на управата ниту се независни, ниту се непристрасни, па во таа смисла не можат да имаат овластување да изрекуваат санкции.

Предложениот амандман 20 ќе воведе една состојба изразито недемократска во правниот поредок на државата. Органите на управата кои според амандманот 20 ќе имаат надлежност да откриваат, да судат и да пресудуваат за прекршоци во сферата на финансиите, на девизното работење, даночните прашања и други, сметаме дека ќе се остави можност да се врши притисок врз правните лица со овластувањето што ќе го имаат да изрекуваат санкции против нив, а од таа состојба па до принудувањето на претпријатијата да бараат подршка и да се приклучуваат кон политичката партија што ја сочинува извршната власт е само еден чекор.

Мораме да обврнеме внимание и на тоа што се констатира доколку ја погледнеме стратегијата на Владата за реформата на правосудниот систем. Се констатира следното. Во годините 1998, 1999, 2001 и 2002 година судовите решиле поголем број предмети отколку што примиле во текот на годината. Затоа, образложението дека судовите биле претрпани со прекршоци е само неуспешен повод за предложениот амандман.

Исто така, сметаме дека со овој амандман нема да се постигне ефикасност и ажурност на судството, нема значително да се растовари судството макар и од прекршочните предмети, бидејќи тие повторно завршуваат на суд.

Од причините кои што ги изнесов морам да кажам дека пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да го подржи овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Иванова и господине Томиќ, имате реплика?

Пред да ви дадам реплика, еден мал коментар. Госпоѓо Бонева навистина не ми е јасно како Уставот може да биде противуставен, бидејќи вие имавте ваши забелешки во врска со тоа.

Госпоѓо Иванова, повелете. Бидејќи ова може да го свати како реплика, една минута имате госпоѓо Бонева, бидејќи мојот коментар можеби го свати како реплика.

**Силавана Бонева:** Почитуван господине претседателе, зборував за член 50 став 2 од Уставот на Република Македонија. Белки тој е составен дел на Уставот.

**Љупчо Јордановски:** Но ние го менуваме Уставот и ако го усвоиме амандманот ќе биде дел од Уставот. Не ми е јасно како Уставот може да биде противуставен, член на Уставот да биде противуставен.

Госпоѓо Бонева, се разјаснивме.

Госпоѓо Иванова, имата три минути реплика, па може и мене да ми реплицирате.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Навистина ми е жал што колешката по грешка го чита и го толкува овој амандман. Практично искажа, доколку овој предлог амандман би бил

прифатен ќе настанело нарушување на поделбата на власта, ќе се преземала судската надлежност, недемократски постапки. Во интерес на јавноста, да кажам дека сето ова не е точно. Зошто? Затоа што несудските органи или органите на државната управа или другите организации ќе можат да изрекуваат санкции по принцип на објективна одговорност. Значи нема да утврдуваат вина и практично не преземаат судска надлежност.

Ова дотолку повеќе што по овие одлуки првостепени кои што ги изрекуваат органите на управата е гарантирано со ставот 2 од овој амандман е гарантирано право на судска заштита. Значи, тука практично ниту станува со овој амандман проблем од нарушување на поделбата на власта, ниту станува проблем со преземање на судската власт,ниту пак станува проблем на вршење на политички притисок од страна на органите на државанта управа. Затоа што секогаш во крајна фаза секој оној кој што не е задоволен со поединечниот акт донесен од страна на органот на управа му се гарантира со Уставот право на судка постапка.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Како што ни одат работите и во Комисијата и во Законодавно-правната комисија и во сите други комисии кои што ги гледаа уставните амандмани изгледа не можевме едни на други да си го наметнеме сопственото мислење и сопствените ставови.Тоа не е став на Силвана Бонева како пратеник, тоа е став на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кој што исто така е резултат на мислењето на многу експерти од оваа област . И самата јавна расправа јасно укажа дека има проблем со утврдувањето на вината и изрекувањето на санкциите. А од друга страна почитувана колешке, тоа што кажавте дека не е јасно, ако самиот уставен амандман упатува на закон, значи против конечна одлука за прекршок вели: се гарантира судска заштита под услов . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Затоа ве молам кога имате една минута контра реплика, или три минути, немојте да давате една минута вовед. Веднаш одговорете на она што сметате дека треба да се одговори.

Господине Томиќ имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Добар дел од мојата реплика кажа и колешката Иванова. Меѓутоа, јас би се послужил со фактографија. Колешката Бонева вели дека го пренела ставот на ВМРО-ДПМНЕ. Да им биде појасно дека во моментот 2005 година заклучно со 30.09.сите видови на предмети во нашите судови по број изнесуваат еден милион 308 илјади 706 од кои само прекршоци се 425 илјади 829, или 32%. И вие тврдите дека прекршоците не се тие кои го оптоваруваат судството. Ако кон овие предмети се додадат и оние 292 илјади извршни предмети тоа се над 52, 53% кои токму го оптоваруваат сусдството, а зборуваме за ефикасност итн. Од сите тие причини овој амандман лично го сметам како еден од најреформаторски, загарантирано е правото на заштита. А колешката Бонева нека го прочита и наредниот амандман за кој ќе дискутираме.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуваниот колега даде податок дека оваа година 30% од вкупните предмети одпаѓаат на прекроците. Ако е така,,тогаш треба многу сериозно да се размисли што е причината после 2002 година, значи 2003 година, 2004 и 2005 година да се трупаат прекршочните предмети, а работевме по ист Устав и во 1998 и 1999 и 2001 и 2002 година, кога судовите решиле поголем број предмети одколку што примиле во текот на годината.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Ангелка Пеева-Лауренчиќ,

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Ставот на пратеничката група на ЛДП по однос на амандманот 20 ќе биде прилично краток и јасен, а тоа е дека ќе го подржиме од најмалку три причини. Првата заради тоа што ќе се обезбеди релаксација на пренатрупаните судови со дел од прекршочните предмети кои што ќе преминат на други органи. Втората причина заради тоа што со можноста за изрекување на санкција без при тоа да се утврдува вина ќе се обезбеди поголема ефикасност и тек на решавање на многубројните процеси и проблеми кои чекајки ја судската разврска стануваат кочница за голем број на системски делови. Трето, заради тоа што ваквиот начин на изрекување на санкции ќе обезбеди поголема дисциплина на сите правни субјекти учесници во правниот промет.

ЛДП очекува дека законските проекции што ќе произлезат од овој уставен амандман ќе понудат решенија на отворените дилеми од страна на пратениците, а особено во делот на системската поставеност и кадровските решенија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Досега се зборува за она што претставува последици, или можни последици од донесувањето на овој амандман на Уставот на Република Македонија.Меѓутоа, јас сум свесен дека основните последици треба да произлезат од законот кој што следува после ова во кој што треба да се уреди ова прашање, зборувам од аспект на она што се случува денес во контекст на управните спорови со кои што се соочува Врховниот суд и кои што навистина значат пренатрупување не само на основните судови заради прекршочните постапки, туку и од страна на Врховниот суд заради оние управни спрови кои што се водат против актите на државната управа. Значи, што правиме? Факт е дека во Република

Македонија имаме и препораки од страна на Европската Унија и од страна на други организации кои што кажуваат дека во Република Македонија јавната и државната администрација е неефикасна. Ако јавната администрација е неефикасна навистина законот кој што треба да следи после донесувањето на овие амандмани треба да се занимава со една многу, многу суштинска проблематика која што ќе значи не само давање на надлежност на органите на државната управа кои што ќе можат да изрекуваат санкции по прекршоци за кои што самите тие поднесуваат пријави, туку ќе мора да се води сметка и за нивната ажурност, за нивната ефикасност во постапувањето, а пред се треба да се тргне од фактот што овие органи на државна управа треба да бидат дополнително и екипирани со стручни лица кои што ќе се занимаваат со оваа проблематика, ќе можат на адекватен начин да пристапуваат кон одлучувањето. Прашањето на странките во постапката исто така е многу важно прашање, затоа што ако веќе со Устав се дава можност на органот на државната управа да носи одлука за сторен прекршок, истиот тој орган ја утврдува повредата на законот согласно која што се носи и одлуката за казнување на лицето против кое што има поведено прекршочна постапка. Тоа дефинитивно значи дека органите на државната управа кои што треба да постапуваат по овие прекршоци треба да водат сметка за непристрасното одлучување по однос на тие пријави. Меѓутоа, стравот кој што произлегува од начинот на кој што, односно од последиците кои што ќе произлезат од усвојувањето на овој амандман, морам да го насочам во однос на еден друг правец. Значи настрана од ефикасноста, односно неефикасноста на државната управа, настрана од постапките за денационализација на пример кои што со години стојат, државната администрација во најголем дел молчи по нив настрана од сите оние препораки кои што ги имаме добиено од страна на Европската комисија по однос на тромоста, неефикасноста, недоволната екипираност и ефикасност на државната администрација. Јас сметам дека основниот проблем кој што ќе произлезе од ова е дуплирањето на постапките. Што значи дека сега по управни предмети органите на државната управа носат решенија, по тие решенија право на жалба има тој кој што е странка во постапката, потоа по жалбата по тоа решение одлучува Комисија при Владата на Република Македонија и по конечноста на таа постапка потоа се поведува постапка за управен спор пред Врховниот суд на Република Македонија кој што треба, или гарантира судска заштита на поединечните акти на органите на државната управа. Сега покрај овие управни спорови кои што досега беа во надлежност само на Врховниот суд, сега треба и сите други прекршочни постапки за кои што треба да одлучуваат органите на управата да одат во надлежност на судовите, затоа што не знаеме дали тоа ќе биде надлежност на Апелационен суд, или на Основен суд, или пак на Врховниот суд на Република Македонија и со онака како што е тоа надлежност по постапка по поединечните конечни акти на органите на државната управа. Факт е дека Врховниот суд се соочува со огромни проблеми по однос на овие постапки, факт е дека имаме огромен број на случаи молчење на администрацијата, факт е дека она што денес го имаме како пренатрупаност на судовите може да го имаме и понатаму со тоа што оваа пренатрупаност ќе биде префрлена, односно дуплирана и во органите на државната управа. Ова го спомнувам затоа што без решение по однос на ова прашање кое што треба да произлезе како резултат на севкупните промени во законите, или донесувањето на нови закони кои што ќе произлезат од реформата во судството како целина ние не можеме да зборуваме за остварување на нашите очекувања по однос на цените кои што ги има оваа судска реформа и по однос на она што го имаме како цел со донесувањето на овие уставни амандмани.

Инаку, тргнувајќи од текстот на Нацртот на амандманот па до овој конечен предлог на амандман, јас сакам да тргнам од основното решение кое што во досегашниот период го имаше членот 13 на Уставот на Република Македонија. Во него се наведува дека лицето обвинето за казниво дело, казниво дело, ова ќе го истакнам затоа што казниво дело е и прекршок и кривично дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Ставот 2 на членот 13, кој што е предмет на овој амандман вели дека лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.

Во првичниот текст на Нацрт амандманите, Нацрт амандманот 20 беше наведено дека членот 13 се менува и гласи: за прекршоци определени со закон санкција може да изрече орган на државна управа, или организација и друг орган што врши јавни овластувања. Се извинувам, го читам Предлог текстот. Текстот на Нацртот гласеше: лице обвинето за кривично дело. Значи, што беше она што го предлагаше Владата , ги отстрани прекршоците како еден вид на казниви дела и ги остави само кривичните дела како друг вид на казниви дела и само лицето обвинето за кривично дело ќе се сметаше за невино додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. И овој дел не важеше за оние кои што беа подложени на казнени санкции по прекршочни пријави.

Точката 2 од истиот амандман 20 во Нацртот велеше дека лицето обвинето за прекршок ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, односно во случаи определени со закон и со одлука на управен орган, или организација, или други институции што вршат јавни овластувања. Овде предлагачот увидел дека за прекршокот на овој

начин како што беше во нацртот не можеше да се примени начелото на презумпција на невисност и извршил измена и во текстот на предлогот на овој амандман навел дека за прекршоци определени со закон, значи покрај она што стои во членот 13 каде што стои за казниво дело и за прекршоци и за кривични дела, фактички го додава овој предлог амандман за кој што денес дискутираме и каде што е наведено дека за прекршоци определени со закон санкција може да изрече орган на државна управа, или организација и друг орган што врши јавни овластувања. Меѓутоа, ако остане само ова вака како што е наведено само овој став останува проблем презумпцијата на невисност затоа што нема  судска одлука. И Владата како предлагач решила со ставот 2 да даде гаранција во Уставот дека против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредени со закон. Значи, ние правиме нешто кое што сакаме да го изведеме за намалување на оптовареноста на судовите со прекршочни постапки итн, но од друга страна не менуваме нешто суштински во овој дел. А суштински тука можеа да се случат две работи. Првата работа е навистина ако се тргне во целост, тогаш требаше да се постави прашањето за воведување, значи едното прашање како можност беше воведување на специјализирање, на специјализирани оддели во судовите за решавање на определени прашања, како што порано постоеше оддел за прекршоци, или пак воведување на специјализирани судови. Меѓутоа, тие специјализирани судови заради опасноста од злоупотреба на тој дел мораше да бидат дефинирани со Устав и на начин кој што е предвиден и во други устави. Тука би ги дал како пример Уставот на Словенија во кој што постои само одредба со која се определува дека организацијата и надлежноста на судовите се одредува со закон. Меѓутоа, постои забрана за воспоставување на вонредни судови и воени судови во време на мир. Значи, има можност со закон да се определи специјализирање во рамките на судовите. Уставот на Бугарија предвидува специјализирани судови да можат да се основаат само ако се утврдени со закон, значи исто една можност друга. Уставот на Унгарија предвидува дека со закон може да се утврди организирањето на специјализирани судови кои постапуваат по одредени групи случаи. Значи, ова беше едниот правец во кој можеше да се движи, тоа беше еден почетен стадиум во кој што се разговараше и за оваа идеја која што подоцна се напушти и се отиде на идејата, органите на државната управа заради зголемување на ефикасноста во постапувањето заради ситните прекршоци кои што навистина го преоптоваруваа како број постапувањето и работерњето на судството, судската администрација, тука пред се судиите кои што работат на тие предмети, се појде во правец на побрз, поефективен начин на надминување на овој проблем со кој што се соочуваат судовите, бидејќи еден од двата столба кои што треба да се постигнат како цели на оваа реформа е ефикасноста на судовите. Кои се негативните страни на ова решание? Значи прашањето на кадарот кој што треба да одлучува, влијанието кое што го трпат овие органи од страна на извршната власт, потоа политичкото влијание во органите на државната управа. Исто така, спојувањето на таа надлежност за постапување по прекршоци од страна на оној орган кој што ја поднесува пријавата и тој орган истовремено и да одлучува.

Во однос на сите овие аргументи кои што ги наведов за и против овој амандман, сметам дека трудот кој што го вложила Владата за формулирање на еден ваков амандман не треба да се занемари, затоа што навистина водела сметка за почитување на презумпцијата на невиност што е многу битен момент во однос на ова прашање. И втората работа која што ја кажав, бидејќи не се тргнало во правец на воведување на специјализирани судови, односно специјализирани оддели во рамките на судовите неминовно е ова решение да се конципира на начин како што е конвипирано. Затоа сметам дека во текот на понатамошната расправа околу сите овие амандмани кои што треба да предизвикаат основа, јас викам дека основа треба да претставуваат за реформирање на правосудниот систем во Република Македонија треба да се има одговор на едно многу значајно прашање, а тоа е дека овие уставни амандмани не можат да претставуваат цел на судските реформи, туку целта на судските реформи треба да бидат законите кои што следат после нив, а за да бидат издржани, да бидат онакви какви што треба и да предизвикаат последици кое што сите ние сакаме, односно зголемување на ефикасноста на судството и неговата независност, сметам дека единствен начин е усвојувањето на сите понатамошни закони со 2/3 мнозинство, затоа што само на тој начин можеме да дојдеме до издржани решенија кои што ќе значат и приближување покрај другото на Република Македонија кон Европската Унија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги,

Сакам накратко да дадам дополнителни аргументи кои што и од претходните говорници беа искажани, неспорни аргументи иако се искажаа дека ќе подржат амандманот, меѓутоа искажаа неспорни аргументи кои што го оправдуваат ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за негласање на овој амандман, затоа што главната суштина, иако зборуваа за еден, два, или три столбови кои што сакаат да се постигнат со овој амандман, сепак суштината на тој амандман е да се овозможи деблокирање односно зголемување на ефикасноста и ажурноста на судството, заради овие прекршочни предмети, кои што со овој амандман би

преминале во надлежност на управните органи и другите органи кои би вршеле јавни овластувања.

Значи аргументацијата претходно кажана од колегите кои што се изјаснија дека ќе го поддржат амандманот, а кажа еден куп забелешки на него, јас сметам дека е доволно да не се поддржи амандманот затоа што суштината на тој амандман односно главната цел заради која се донесува не се исполнува, еве зошто.

Вториот став амандманот вели против конечната одлука на прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка утврдени со закон.

Едноставно кажано сите овие предмети, или најголем дел од нив, обжалените кои што во просек изнесуваат некаде околу 80-тина проценти повторно ќе се вратат во судска процедура. Дали тоа ќе биде со закон, дали тоа ќе биде првостепениот суд, апелациониот суд или Врховниот суд битно е дека најголемиот дел од нив, огромен процент од нив повторно ќе заврши односно ќе заглави во судството и мора да добие таму завршница. Затоа не ја гледам таму поентата на кој начин ќе се изврши деблокирање на ажурноста на работењето на судовите освен ако се предвиди во тој закон за Врховниот суд да биде таа судска истанца  на која што странските ќе можат да се жалат на одлуката на управните органи кои ќе им пресудат практично. Тогаш можеби ќе се избегне блокирањето,  ќе се намали работата на основните  судови и апелационите, меѓутоа за тоа за толку ќе се зголеми работата на Врховниот суд. Или обратно, ако биде тоа второстепениот суд тогаш неговата работа, или уште полошо неговата прва инстанца жалбена, судска, или основниот суд, што исто така е можно решение во Законот, не знаеме како ќе биде тоа решение, значи повторно во суштина најголем број од овие предмети ќе се вратат во судството и апсолуто нема а се постигне целта која што се сака и која што е главен мотив за поднесување на овој амандман.

Од таа причина сметам дека тоа е е ден цврст аргумент дека амандманот апсолутно нема да ја постигне својата основна цел и неговото негласање е сосема, сосема оправдано и засновано на факти.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски, има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувана министерке, почитувани колеги,

Еве и јас како пратеник сакам да го искажам моето мислење, во врска со овој амандман и моите размислувања што можеме да очекуваме со донесувањето на амандманот. Мислам дека ова што е основно и што го слушнавме како податокот од колегата Томиќ дека во моментот над 425 илјади има прекршочни пријави или 32% од вкупните пријави кои што се во судовите и кои што треба да се решаваат во овие години даваат за право токму ова да се среди. Но кај мене се јавува еден сомнеж, прво она што е од политичка природа дека во однос на сето ова ќе треба да направиме, како што се кажуваше во јавната расправа, треба да се направат управни органи, организации, институции што ќе вршат јавни овластувања, но после тоа доаѓаме до ситуација поради таа резукција на невиност која што ја предвидувате во ставот 2 од членот 1 од овој закон сето ова да биде поставено повторно во суд и повторно овие случаи да бидат или да не бидат решени.

Генералниот програм во целата оваа ситуација го гледам во работењето на судовите. Ние со тоа што ова ќе го префрлиме на јавната управа или органите на државната управа, сето тоа ќе зависи повторно од ажурноста на оваа работа.

Амандманот како амандман лично би го прифатил, но исто така како во однос на сите досегашни закони за кои што говоревме и  овој амандман кој што претставува сега и ќе претставува дел од Уставот мислам дека има една битна работа која што и вие ја кажавте во вашето експозе, и јас сум ја кажал многу пати до сега, дали сето ова што ние ќе го донесеме ќе може да се инккорпорира.

Ако тоа не  можеме да го направиме, ако тоа не функционира мислам дека сме направиле нешто добро за да прикажеме пред некого дека сме донеле амандман, нашиот Устав сега е поразличен од оној кој што беше, но за жал сето тоа многу тешко ќе можеме да го исконпорираме во судството и за тоа ќе ни треба многу време. Зошто го говорам сето ова?

Затоа што гледајќи го овој амандман 20 и она што ние на оваа седница, незнам кој ден ќе треба да го усвои како уставен закон за спроведување на амандманите, каде што се говори во членот 2 дека најдоцна до 30.06. ќе треба да го донесеме законот за прекршоците, а најдоцна во рок од 18 месеци од денот на прогласувањето на амандманите ќе се усогласат законите врз основа на кои органите на државната управа или организации и друг орган што врши јавни овластувања можат да извршуваат санкции за сторен прекршок.

Токму тука е она што уште во старт кажуваме дека не сме спремни ова да го направиме и она што порано функционираше, затоа што, можеби ова е и круцијален амандман каде што она што важеше за судството како единствено со членот 98 став 3 од Уставот организацијата на судството е единствена токму со овој амандман ќе постигнеме повеќе да не биде единствена и голем дел од овие прекршочни пријави ќе одат токму во овие органи на државната управа.

Но, тука се поставува прашањето како овие органи на државната управа кои што ги назначува власта ќе можат да функционираат. Додека не се донесе законот за прекршоци, додека не се дефинира за кои прекршоци може тие органи да одллучуваат ние ќе имаме повторно проблем.

Проблемот е генерален. Мислам дека она што нашиот народ се научил и за основни работи да има повторно жалба мислам дека нема ниту капацитет таа второстепена комисија ниту човечки, ниту пак она што е гаранција за двостепеност на било која одлука и повторно да дојдеме да го затрупаме, дали тоа ќе биде врховниот суд, или ќе бидат тие второстепени комисии кои што на крајот за жалбите ќе треба да одлучат позитивно или негативно.

Мислам дека тука ќе се јави тој проблем, сигурно и вие сте го гледале и ве мачи таа ситуација. Генерално кажувам дека треба да се поддржи но во секој случај овие рокови кои што самите ги имате зададено, 30.06.2006 година и тие 18 месеци мислам дека мораме да ги намалиме ако сакаме да ги видиме првите ефекти на работењето и на донесувањето на амандманот, да кажеме за две години.

Инаку, во денешниот ден или на денешната пленарна седница ние ќе го донесеме овој амандман но кога сето тоа ќе функционира во судството е големо прашање, затоа што и понатаму реорганизацијата на судството, начинот на бирањето на судиите, сето тоа дава еден нов коментар, едно ново видување на комплетното судство кое што треба да се стави, како што кажавте да биде трета и независна судска власт. Но за жал, она што денеска го направивме не ни дава за право да можеме да веруваме дека судството е такво. Што ќе биде понатаму останува да видиме.

Шансата е дадена затоа што вие имате под услови и постапка уредена со закон и мислам дека ќе најдете сили и начин како Министерство за правда ова да го за вршите што побрзо и овие рокови, бидејќи стои тука некој термин "најдоцна" мислам дека ќе треба да ги направите многу помали и да се работи интензивно затоа што токму од овие работи можеби ќе зависи успешноста понатаму на работењето на судовите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги,

Во функција на нашето приближување кон Европската Унија како наша концептуална цел императив се реформите во судството за да можат од едно неажурно неефикасно и несамостојно судство истото да се трансформира во својот позитивен лик, во огледалото да стане ажурно, да биде ефикасно и да стане независно судство во права смисла на зборот.

Значи, за да се постигне оваа цел на реформите во судството, Владата односно предлагачот тргнал од едно логично решение на прост механички начин да се тргне дел од квантумот на предметите што се во работа во судството и истите да се префрлат, како што е кажано во амандманот, во функција односно во надлежност на други државни органи, организации што вршат јавни овластувања.

Самото ова механичко префрлување на предмети од судка надлежност во надлежност на други органи и јавни организации, нормално се решава проблемот бидејќи простата логика и математички произлегува ако земеш од еден тас и префрлиш во другиот тас се растеретува првиот тас од кој се одзема предмети, меѓутоа дали на тој начин ќе се одбегнат проблемите што ги крие давањето во надлежност на предмети на други државни органи и организации.

Сметам за да се намали опасноста пред се од нарушувањето на основните слободи и права на човекот бидејќи сепак во судска надлежност каде што важи презункцијата на невиност ќе треба да се утврдува една објективна одговорност на сторителите на прекршоците која е процесно утврдување на објективна одговорност и не може во целост да го исклучи и утврдувањето на субјективната одговорност. Токму тука го гледам задирањето во основните човекови права и слободи. Меѓутоа, и овде предлагачот на формално правен или номотехнички начин го решава овој проблем, така да под изрекување на санкции подразбира донесување на решение во кое ќе се утврдува одговорност за сторен прекршок. Во таа изрека нема да стои дека тоа и тоа лице или таа е виновна за сторен прекршок. Значи со тоа се избегнува со ова решение утврдувањето на вина во прекршочна постапка од орган на државна управа. Тоа е во ред, меѓутоа сепак треба да се пази при донесувањето на законите на Законот што ќе ја разработува оваа материја каде што се врши префрлување на надлежност односно на органите на државна управа, да се пази тие референти што ќе работат на оваа материја односно што ќе донесуваат решенија за пркршоци од одредени области да бидат што понезависни во хиеархиската поставеност на органите на државната управа во однос на старешините бидејќи тука се крие опасноста од директно мешање на извршната власт во утврдувањето на објективна одговорност на сторителите на прекршок. Да не излезе "кадија те тужи, кадија те суди". Значи, да се избегне таа опасност ќе мора да бидат што понезависни и самите референти што ќе решаваат по пркршочна постапка во органите на државна управа.

Исто така, треба и многу суштински да се реформира, да се размислува околу суштинското департизирање на управата односно таа, органите на државната управа или организациите што вршат јавни овластувања да станат високо професионален сервис на граѓаните, а не да бидат на директни влијанија и мешања од Владата односно на извршната власт односно од партиите на власт.

Како лош пример за лоша порака што се упати и која побудува извесна скепца во независноста на овие референти во водењето на прекршочна постапка е последниот Референдум за

територијалната поделба на општините во Република Македонија кога бевме сведоци на едно невидено влијание на партиите на власта врз вработените во државната управа. Мислам дека тоа не служи како добар пример и не е во функција на ова што сакаме да го постигнеме сега. Затоа апелирам во понатамошната разработка на овој уставен амандман, претпоставувам дека истиот ќе биде донесен и ќе биде изгласан строго да се пази на што поголема независност на референтите што ќе ја водат оваа пркршочна постапка и на постигнување на повисок степен на професионализација и сервис на граѓаните на органите на државна управа.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

По сето она што беше кажано од страна на колегите пратеници за амандманот 20 во кој се делат казнените дела од прекршоците при што ќе се дозволи санкциите за прекршоци кои ќе бидат определени со закон да се дадат на државната управа или организации кои вршат јавни овластувања се појавија определени дилеми во однос на крајната цел, а тоа е независност на судството.

Кај мене сеуште постои дилемата или скепсата во однос на профункционирање на овој амандман преточен во наредните закони кои ќе треба да се донесат, или ќе следи измена на законите и тоа од аспект на тоа што за да се растерети судството прекршоците ги префрлуваме на органите на државната управа кои вршат јавни овластувања, ама кај мене постои дилемата дали тие можат односно дали тие знаат правилно да ги решат прекршоците или правилно да изречат санкции кои ќе бидат определени со закон во однос на човечките и материјалните ресурси кои ги поседуваат државните органи.

Од друга страна во самиот амандман се вели дека против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка повторно уредени со закон, па се прашувам која ќе биде гаранцијата дека доколку овие пркршоци останат во надлежност на државната управа дека нема да се зголеми повторно бројот на судските предмети кои се однесуваат на прекршоците со која секоја незадоволна странка за тој вид на пркршок да поднесе жалба и да си заведе судска постапка.

Колешката Цветанка Ивановска рече дека целта на овој амандман, а и на сите измени на Уставот, сите предложени амандмани е ажурност и ефикасност на судството, но се прашувам дали, конкретно со овој амандман ќе се обезбеди независност на судството, а ако веќе тоа се третира како државен интерес од највисок ранг.

Значи, целта на амандманите, или измената на Уставот се однесува на судството и сите оние критики кои ги трпи Република Македонија и сите судови во делот на постоење на корупција и неефикасност и неажурност на судството. Се прашувам дали со овој амандман конкретно ќе се зголеми независноста на судството, не навлегувам во ефикасноста и ажурноса. Ако се земе во предвиед ставот 2 од амандманот со кој се гарантира конечна судска заштита и по прекршоци кои се утврдени со овој амандман. Тоа е таа дилема која постои кај мене иако предлагачот се повиккува и укажува дека со закон ќе бидат определени тие прекшоци и понатаму со закон под услови и постапка уредени со закон ќе се овозможи против конечната одлука за прекршок да се гарантира судска заштита.

Јас искрено да ви кажам ако веќе се бориме за независно, ефикасно и ажурно судство незнам која беше причината од страна на предлагачот да биде повлечен амандманот за разумен рок, за кој исто така сметам дека требаше да биде дел од предложените амандмани, а се во вфункција на ажурност и ефикасност на судството.

Од предлагачот, да бидам искрена, не разбрав, ниту во досегашните изјави, ниту пак од стенографските белешки по повод текстот на амандманите, дали со овој амандман ќе се воведат административните судови кои беа искажани како еден вид решение во јавната расправа и дали тие административни судови ќе бидат такви за какви се залагаме со овие амандмани. Тоа е ажурно, ефикасно и независно да судат по определени прекршоци, со оглед на тоа што со овој амандман се дава уставен основ за правење на дистинкција. не само помеѓу прекршоците кои ќе бидат санкционирани со закон, согласно висината како што тоа го разбравме од почитуваната колешка Цветанка Иванова, не од предлагачот на амандманите. Така што, искрено да ви кажам, се надевам дека Владата добро ќе размисли како натаму, бидејќи не е работата само да го менуваме Уставот, постојано на две години да го менуваме Уставот, а да не профункционира тоа во пракса и гаранциите кои би биле. Сепак извршната власт е таа која одговара за спроведувањето, посебно на овие многу значајни реформи.

Сите критики кои ни доаѓаат од Европската унија се насочени кон зависното и корумпираното судство. Уставот го менуваме само за да обезбдиме независност на судството. Тоа е главната интенција. Дали ќе биде така останува да видиме како со законот ќе бидат регулирани сите тие недоречености, или ќе профункционира во пракса она што е дадено по овој текст на амандманот 20.

Колегата Блаже Стојаноски кажуваше дека е видоизменет амандманот 20 од нацртот на самиот амандман и она што ни е дадено како текст. Можеби овој амандман технички е подобар отколку тој што беше во текстот на нацртот. Значи Министерството сепак се потрудило да даде една подобра или поквалитетна формулација на овој амандман, но лебди, почитувани колеги, лебди во воздух она што го кажаа и сите колеги за што

постои скепса, дали државната управа или јавната администрација на која исто така треба да и следува реформа, ќе може солидно да се справи со сето тоа што ќе и биде наметнато после изгласувањето на текстот на амандманите на Уставот, доколку бидат изгласани и законите кои следуваат после изгласувањето на овој амандман. Значи Министерството за правда мора да биде многу внимателно во изготвувањето на законските текстови со кои ќе се следи патот за ефикасно, ажурно и независно судств.

За другите амандмани, почитувани колеги ќе дебатираме многу дали ќе се обезбеди независно судство, амандманите што следат. Меѓутоа за овој амандман се дава една можност да се растерети судот од големиот број на прекршочни предмети независно од која сфера доаѓаат, дали се сообраќајни, надворешно трговски, царински и тн. и да се префрлат на органите на државната управа.

Јас сега за сега почитувани колеги имам толку по овој амандман. Ќе оставам простор за наредните амандмани. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Коснтатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на предлогот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на предлогот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија.

Пред да го ставам на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Текстот на предлогот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, 75 гласале за, нема воздржани, 9 гласале против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди предлогот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на предлогот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господиен Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги.

Со амандманот 21 се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка од прв степен, пред суд. Тоа е ставот 1 на амандманот 21.

ставот 2 е дека правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државна управа, организација и друг орган што врши јавни овластувања, се уредува со закон.

Со овој став се заменува членот 15 од Уставот на Република Македонија. Тоа е за што зборував во репликата по амандманот 20, што беше предмет на расправа и што го усвоивме и би сакал да дадам едно кратко појаснување зошто овој амандман е во тесна врска, а за амандманот 20 веќе реков дека станува еден од најреформските амандмани во сферата на правосудството.

Прво, со вој амандман се гарантира неспорното право на двостепеност. Правото на двостепеност во сите високо развиени демократски земји е највисокото можно право и тоа од две причини. Првата причина е да се исправи евентуалната грешка што може да настане при донесувањето на одредена судска одлука, значи зборуваме за судската заштита. Меѓутоа, во алинеја 2 на став 1 од амандманот 21 е пропишано и нешто друго. Тоа е дека по можност, повторувам, по можност може да се обезбеди двостепеност за оној поединечен правен акт издаден спрема правно или физичко лице каде тоа ќе биде предвидено и уредено со закон. Тоа е она што мислам и колегата Јашари за претходниот амандман го зборуваше и тоа навистина претставува една квалитетна и вистинска новост. Сега зошто е ова добро? Тоа е добро од повеќе причини.

Прво би тргнал од целта, а тоа е кажано и во самото образложение дека целта на овој амандман е во секој закон, во зависност од материјата која ја уредува, законодавецот да се определи дали одлуките на органите на државната управа кога одлучуваат за правата на граѓаните во првостепени постапки, ќе се предвиди правото на жалба како редовен правен лек, или ќе се овозможи директна судска заштита. Еве го начелото на ефикасност за кое и преку Венецијанската комисија и преку сите наши заложби и преку сите наши кажувања, токму и се залагаме. Користејќи го ова право, лицата не само што имаат можност да ги заштитат своите права и интереси, туку постигнуваат исправување на неправилностите во работата на органите, со што придонесуваат за јакнење на објективната законитост.

Би сакал нешто посебно да напоменам. До сега во нашиот судски правен систем, јас ги изнесов податоците, меѓутоа 32% отпаѓаат односно нашите судови да бидат оптоварени со

прекршочни предмети, мораме да признаеме дека е страшна бројка и затоа судовите ни се неажурни, што, најискрено ви кажувам, да ги оставиме судовите да си ја вршат судската работа со тоа право што и по одделен правен акт можат да даваат правна заштита. Сега дали тоа ќе биде по оној, да кажеме, од правниот акт директна судска заштита, или ќе имаме двостепеност, тоа ќе се одредува од материја до материја, од една определена област, до друга определена област. Од сите овие причини, ќе се потрудам да бидам многу краток и ќе кажам дека пратеничката група на СДСМ во целост ќе го поддржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Најголем дел од дискусијата што имав да кажам, го кажа господинот Томиќ.

Јас само се јавив за збор да потенцирам дека овој амандман е нов амандман. Значи не е амандман кој беше во текстот на нацртот, ниту беше наговестен во првата фаза кога го носевме. Меѓутоа за овој амандман кажав и кога го дискутиравме амандманот 20 дека е логичен и е следбеник на амандманот 20. Токму ако одиме во оној правец на ефикасност на судството, неопходно е потребно да има еден ваков амандман каде со уставна рамка или со уставен основ ќе се даде правото на жалба или друг вид правна заштита што против поединечните правни акти да не биде издигнато на уставна категорија, од проста причина што тоа треба да биде една законска материја каде сите оние проблеми кои се јавуваа при второстепени комисии и тн., во одреден закон ќе бидат регулирани каде ќе може да се користи, каде не. Значи, кога се спушта на еден понизок ранг, има простор за растоварување, а повторно правото на судска заштита да биде гарантирано.

Морам да потенцирам дека овој амандман е заслуга на Законодавно-правната комисија која при разгледување на текстот на нацртот на амандманите, го предложи и за пофалба е што Законодавно-правната комисија има еден амандман што предлагачот го прифаќа. Според тоа, бидејќи сум и член на Законодавно-правната комисија, логички е дека нема да гласам против туку ќе гласам за и сметам дека тоа е аналогно на она што претходно го кажав. Значи, апсолутно оправдан амандман и треба да биде прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** И јас ќе бидам краток, бидејќи се што требаше да се каже од претходните говорници и само можеме да се повторуваме, не кажувајќи ништо ново. Но, и покрај се, од интерес на овој амандман кој е предложен од страна на Владата, сакам уште еднаш да кажам дека овој амандман е тесно поврзан со амандманот 20, бидејќи со овој амандман предлагачот многу јасно, гарантирајќи го правото за одредени правни лекови, како што е правото на жалба или други исклучителни средства, прави разлика помеѓу одредени прекршоци од една страна и кривични дела од друга страна. Во овој контекст, преку првата алинеја предложена во овој амандман, предлагачот го гарантира правото на жалба против одлуките донесени во прв степен пред судски органи, додека кога се говори за индивидуални акти донесени во првостепена постапка пред органите на администрацијата и другите кои вршат јавни овластувања, покрај правото на жалба се создава простор и за употреба на други правни лекови.

Јас ценам дека, уште еднаш ќе кажам, и овој амандман кој, како што се рече претходно, иако е нов, добро е што е предложен од страна на предлагачот и во овој контекст јас и мојата пратеничка група на која припаѓам, ќе гласаме за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојаноски повелете.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски.

Јас сметам дека амандманот 21 мора да се стави во врска со амандманот 20 за кое што дискутиравме претходно, затоа што во овој амандман точката 1 вели дека се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред судот. Значи имаме гаранција за двостепеност на постапката при првостепени одлуки од страна на суд.

Во досегашниот член 15 кој треба да се замени со амандман 21 од Уставот на Република Македонија, се вели дека се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања. Овде ништо не би било спорно до колку не е јасно утврдено правото на жалба по однос на двостепеноста на постапката за одлуки кои треба да се донесат по однос на прекршоците од страна на орган на државна управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања каде единствено е наведено дека се уредува со закон, меѓутоа, гаранцијата на правото на жалба ја нема. Дали тоа значи, ако ја нема гаранцијата за правото на жалба дека тоа со закон ќе се уреди, со тоа што двостепеноста ќе се обезбеди со судска заштита понатаму, бидејќи со претходниот амандман е наведено дека постои гаранција судксата заштита против одлуките на органите на државната управа или организациите и другите органи што вршат јавни овластувања, или пак на овој начин во целост се отстранува правото на жалба и на тој начин се дерогира, во одредена смисла, претходниот амандман за кој претходно дискутиравме. Значи прецизирањето на овој амандман јас сметам дека треба да биде направено со законот, меѓутоа вака како што стои тука, навистина може да се гледа само како амандман кој произлегува од претходниот амандман и на тој начин да се толкува. До колку е вака како што зборувам сега, тоа значи дека правото на жалба против поединечните правни

акти донесени во постапка во прв степен пред суд е гарантирано. Управен орган, организација и други институции што вршат јавни овластувања, не е гарантирано, меѓутоа има гаранција за нивната судска заштита што фактички би претставувало замена на правото на жалба по која треба да одлучува комисија или некој друг повисок орган на државната управа. Затоа сметам, заради јасноста на ова, треба да се дообјасни целта што предлагачот сака да ја постигне со овој начин на уредба, затоа што пак и претходниот член 15 со ништо буквално не сметаше да има во секоја одлука на орган на државна управа, двостепеност и после двостепеноста имаше право на заштита пред Врховниот суд, преку воведување на управен спор.

Значи, како крајна инстанца имавме судска заштите и на овој начин се намалува фактички времето кое што треба да помине при одлучувањето односно првостепениот орган носи одлука и од тука директно си оди на судска заштита без гаранција на правото на жалба. Тоа е, верувам, она што сакала и Владата да го постигне со овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам, почитуван претсдателе,

Сосема накратко да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и некои забелешки во однос на амандманот 21. Со амандманот 21 наместо да се појаснат состојбите што се суштествени за една вистинска судска реформа, всушнот се прави збрка од една страна, а од друга страна се редуцираат уставните начела и уставните решенија во делот на основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Во ставот 1 од уставниот амандман се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Поимот "одлуки" не кореспондира ниту со Уставот, ниту со процесните закони по кои што постапуваат судовите. Поимот одлука во процесното право е генеричен поим со кој се означуваат не само пресудите, туку и процесните одлуки на кои што не е допуштено посебно право на жалба.

Од друга страна пак, во ставот 2 имаме уште еден поим, а тоа е поимот "правна заштита". За да биде појасно ќе го прочитам ставот 2 сосема накратко дека "правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државна управа или организации или друг орган, се уредува со закон". Значи, имаме еден поим правна заштита, значи право на жалба или друг вид на правна заштита. Сметаме дека овој поим "правна заштита" е нејасна и конфузна одредба и треба да биде прецизирано што сака да се постигне.

Во исто време скренуваме внимание на тоа дека досега правото на жалба беше гарантирано со членот 15 од Уставот на Република Македонија, каде што јасно си беше кажано дека се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, меѓутоа и управен одбор или организација или други институции што вршат јавни овластувања. Сега, со ставот 2 од овој амандман ова право е пределегирано на закон и тоа не значи ништо друго, туку укинување на уставната гаранција за правото на жалба, досегашната уставна гаранција против поединечните правни акти донесени од органите на управата. Бидејќи, кога постои уставна гаранција секој закон мора да ја почитува таквата гаранција. Но, кога Уставот само упатува на закон што треба да го уреди тоа право, тогаш уставна гаранција за правото на жалба, нема. Тоа се забелешките на амандманот 21 и ние и на Комисијата гласавме воздржано за овој амандман. Очекуваме поимите на кои што скренавме внимание да бидат појаснети од страна на предлагачот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Иванова, имате збор.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам госпдине претседателе,

Само јас накратко, за да не се повторувам со колегите кои што претходно дискутираа и се согласувам со нивните дискусии, сакам само да изразам задоволство што овој амандман предлагачот веќе го вгради во предлог на амандманите, затоа што овој амандман произлезе од Законодавно-правната комисија, а во расправата по Нацрт-амандманите јас се обидов да го формулирам, меѓутоа сега имаме доста квалитетно подобро решение вака како што е предложено. Сакам одредени дилеми да отстранам тука.

Овој амандман не треба во толку строга врска да го гледаме со претходниот амандман, затоа што овој амандман прави дистинкција помеѓу двостепеноста помеѓу судската и управната постапка. Не само во прекршочната, во управната постапка. Уставно начело двостепеност во судска постапка останува, со тоа што се дава уставна основа двостепеност во управните постапки да биде регулирано и да биде законска материја.

Зошто го предложивме овој амандман? Го предложивме затоа што ова нема да создаде никаква збрка, никакво намалување на правата, туку напротив овој амандман е во функција на побрзо и поефикасно остварување на правата на граѓаните во управната постапка. Тргнувајќи од постојната состојба, каде што граѓаните во управна постапка остваруваат многу поголем обем на права, отколку во судска постапка, а имајќи ја предвид сегашната состојба, каде што уставното начело на двостепеност во управната постапка, практично значеше формирање на второстепени комисии во Влада, кои што поради затрупаност на предмети или решавање само од ист круг на луѓе се повторуваа донесените одлуки

во прв степен, практично се одолговлекуваа постапките без некоја квалитетна промена од првиот и вториот степен на одлучување.

Затоа со овој амандман се создава уставен, а особено пак, плус ако додадеме дека во претходниот изминат мандат ние создадовме доста независни тела кои што заради двостепеност бевме приморани да формираме и двостепени комисии тука во Собранието. Заради заштеда на време, заштеда на материјални средства побрза и поефикасна постапка и остварување на правата на граѓаните во управната постапка, го предложивме овој амандман, секако незавлегувајќи во правото на судска заштита во поединечните акти кои што се донесени во управната постапка.

**Љупчо Јордановски:** Господине Петров, имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе,

Почитувана госпоѓо министер, колешки и колеги пратеници,

Деновиве токму по овој амандман, по амандманот 21 имавме прилика да слушнеме различни верзии и толкувања на повеќе колеги во комисиските расправи, особено. Тоа е видливо и денес, зашто според моето видување главно се сведува на тврдењата дека со ставот 2 од амандманот 21, а и поврзано со амандманот 20, уставно се укинува правото на двостепеност, што мислам дека најгласна беше колешката Бонева.

Иако ставот 2 од овој амандман е сосема јасен и ја прецизира двостепеноста или судската заштита на странките, со ваквите тврдења мислам дека ќе се создаде повеќе политичка фама. Притоа, колешките и колегите кои ги изнесоа ваквите тврдења ги замолувам да не ме сватат дека полемизирам со нив. Имам свој коментар кој сметам дека на одреден начин е меродавен и дека ја расчистува двостепеноста утврдена со амандманот. Притоа, ако се сведеа дефинициите за кривичните дела за вината и дефинициите за прекршоците и за санкциите што се изрекуваат по тој повод од страна на државните органи, мислам дека е сосема јасно искажано се она што се однесува за двостепеноста. Затоа, би било добро само некои по битни аспекти, да речеме од кривичното право и односот со прекршоците. Имено, познато е дека кривичното право е во функција на заштитата на општеството и на граѓаните од криминалните дејствија, но истовремено на само ограничување на државата во сверата на казнувањето. Така е, бидејќи кривичното право е чувствително, почувствително од другите права, за што засега во животот на човекот во сллучаеви на доживотен затвор, во честа, слободата на човекот, кривичниот законик се применува кога делото веќе е сторено, кога доброто е загрозено односно уништено.

Според тоа, заштитата на граѓаните во второстепената постапка во овој дел е обезбедена во ставот 1 од амандманот XXI. Но, интересен е односот од ставот 1 и ставот 2, за што меѓу другото не само што ја содржи двостепеноста, туку го содржи и односот на кривичното, на пример, и прекршочното право. Или, односот што е уште поинтересен меѓу кривичното и управното право.

Ако потемелно се проанализираат овие навидум едноставни одредби, ќе се дојде до истиот заклучок. Разликата во толкувањето на овие два става од овој амандман лежи токму во тој однос. Имено, и едната и другата гранка на правото, секоја на свој начин и секоја во различен обем се во функција на сузбивањето на криминалитетот.

Според тоа, кон ставот 1 се прибегнува само кога другите, значи полесните санкции што ги познаваат другите гранки на правото, посебно управното и прекршочното, се покажуваат како немоќни.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Доста сте брзи госпоѓо Пеева. Инаку, искрено да ви кажам од овие дискусии сега јас побрзо ќе научам теорија на релативитет, отколку што правниците сега ќе ги разберам од дискусијата.

Повелете госпоѓо Пеева имате збор.

**Ангела Пеева Лауренчиќ:** Благодарам.

Пратеничката група на ЛДП нема намера да влезе во широка теоретска расправа по овој амандман, затоа што го смета за логичен и следствен после амандманот број 20, за кој што гласавме за.

Би сакала да го изнесам ставот на Пратеничката група на ЛДП дека ќе го поддржи амандманот број 21.
Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Пеева, вие како да сте од природните науки по професија.

Бидејќи никој нема пријавено повеќе за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, нема пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот се гласа со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници и ги потсетувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата. Ако треба да потсетуваме, така треба и да завршиме.

Текстот на Предлогот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 74 пратеници гласале за, 3 воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Предлогот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија.

Почитувани пратеници тука ја затвораме денешната работа.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,25 часот)